

Лазарополе претставува една од највисоките (1350 м) и најубавите селски населби во Република Македонија. Се наоѓа на прекрасна локација во југозападниот дел на живописната планина Бистра, со извонреден поглед кон долината на Мала (Гарска) Река и планината Стогово. До селото се доаѓа по добар асфалтен пат од правец на Гостивар и Маврово, скршнувајќи од патот Маврово-Дебар кај месноста Бошков Мост. Оддалеченоста од Скопје изнесува 145 км или околу 2 часа возење, од Гостивар 75 км, а од Дебар 23 км. Лазарополе е сместено во малото карстно поле Коритник, низ чиј средишен дел тече малата Лазарополска Река – десна притока на Гарска Река. Селото има пријатна планинско-континентална клима, со повремени медитерански влијанија кои навлегуваат од долините на Црни Дрим, Радика и Мала Река. Климата се карактеризира со свежи лета и со благи, не многу сурови зими. Така, додека во жешките летни денови по градовите температурите се искачуваат и над 40 степени целзиусови, во Лазарополе тие ретко надминуваат 30 степени. Овој простор се одликува со најголемо количество на

врнежи во Македонија – над 1200 мм што овозможило изобилството на шуми кои го прават воздухот кристално чист, свеж и лековит. Поради тоа, Лазарополе е познато како место со најчист воздух на Балканскиот Полуостров. Оние што прв пат го посетуваат Лазарополе ќе останат воодушевени, а оние што веќе претходно биле знаат дека ова е вистинското место каде ќе можат да најдат душевен мир.

За настанувањето на ова село постои интересна легенда. Таа вели дека луѓето, бегајќи од Турците се скриле во пештерата, која секогаш ги засолнувала при слични закани. Меѓутоа за несреќа, откако Турците се одалечиле од Пештерата, Калина мома почнала да пее. Тие ја слушнале и го запалиле влезот на пештерата. Сите се задушиле од чадот, освен Лазар, кој го основал селото и кое денес го носи неговото име. Д-р Блаже Смилевски пак, името го објаснува етимолошки. Според него, тоа произлегува од старословенскит збор (лазоръ), кој означува големо пространство без шума. Инаку, историски се смета дека Лазаропле настанало од раселените жители на две позначајни селски населби. Првото е Главино Село кое се наоѓало на северозапад од Лазарополе и за кое се претпоставува дека било главно село во Мијачијата. Остатоците од ѕидови и темели на куќите од ова село сеуште се видливи на неговата локација. Второто село е Лопушник кое се наоѓало на исток од денешно Лазарополе, а од него останало само името на месноста. Трагајќи по стари истонски извори за потеклото и далечното минато на Лазарополе дознаваме дека тоа од своето постоење било населено со Македонци од православна вероисповест. Жителите на ова село припаѓале на познатото словенско племе Мијаци. Инаку, некаде околу 1900 година, селото имало дури 3000 жители, но потоа бројката значително се намалувала. Сепак, според пописот на населението од 1953 година, селото се` уште било релативно големо и броело 962 жители. Од тогаш почнало драстично да опаѓа на само 180 жители во 1971 година, 9 жители во 1981 година и 2 жители во 1994 година. Денес, Лазарополе е само туристичка дестинација, бидејќи локалните жители одамна го имаат напуштено како трајно живеалиште. Повеќето од нив се враќаат да ги реновираат старите семејни куќи и да ги искористат како прибежиште за одмор од летните жештини.

